Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации (Сл.весник на Р.М. бр.52/10, 135/11 и 55/16) Собранието на Здружение за екологија и заштита на животна средина ЕКО ТИМ ИСТОК Кочани со седиште на ул.Маршал Тито бр.45 Кочани, на ден 08.02.2019 година донесе

# СТАТУТ на

## Здружение за екологија и заштита на животна средина“ЕКО ТИМ ИСТОК“(пречистен текст)

### Општи Одредби

Член 1

Здружение за екологија и заштита на животна средина “ЕКО ТИМ ИСТОК“ Кочани со адреса ул.Маршал Тито бр.45 Кочани е доброволно здружение, кое работи согласно Законите на РМ( во понатамошниот текст здружението).

Здружението е составено од лица кои имаат желба да ја развиваат екологијата и еколошките активности на РМ, посебно нејзиниот источен регион.

Член 2

Основачи на здружението “ЕКО ТИМ ИСТОК“ Кочани со седиште на ул.Маршал Тито бр.45 во Кочани се:

1.Горан Христовски од Делчево со живеалиште на ул.Вера Јоциќ бр.45 Делчево со ЕМБГ 0207988490001 и лк.бр.А0400955

2.Наташа Митева од Кочани со живеалиште на ул.Маршал Тито бр.45 Кочани и ЕМБГ 2203978498014 и лк.бр.А0448563

3.Сузана Трпковска од Скопје со живеалиште на ул.1.бр 55 с.Трубарево Скопје со ЕМБГ 1908968455104 и лк.бр.А0546854

Член 3

Здружението работи на проекти од областа на екологијата, решавање на проблемите на животна средина, заштита на животна средина, зачувување на природните ресурси, едукација на населението, мониторинг на степенот на загадување.

Член 4

Здружението остварува потесна соработка со научните, образовните, економските и други здруженија во земјата и во странство кои се занимаваат со животна средина и човековите права воопшто.

Член 5

Здружението со своето работење се раководи од Уставот на РМ, како и законските прописи и другите акти со кој е регулирана заштитата на животната средина.

Член 6

Здружението е доброволна организација во која може да членуваат сите граѓани на РМ како и странци, согласно законските прописи.

Член 7

Здружението како граѓанско здружение, неможе да врши политички активности или да го користи својот имот и средства за остварување на цели на политички партии, а туку се подразбира директно учество во изборна кампање или собирање средства за изборна кампања и финансирање на политички партии.

Член 8

Здружението има своја денарска сметка во една или повеќе банки во РМ, избрани од управниот одбор на Здружението.Здружението за своето финансиско работење може да ангажира претпријатие или лице.

ЗАДАЧИ И ЦЕЛИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 9

Здружението ги има следните цели и задачи:

1. Работа на проекти од областа на екологијата
2. Организирање на едукативни семинари, обуки од областа на работењето на здружението
3. Решавање на проблемите на животната средина, заштита на животната средина, зачувување на природните ресурси, особено водните ресурси, флората-растителни ресурси на територијата на РМ посебно во нејзиниот источен регион како и прекугранична соработка со соседните држави и сродни организации во реализирање на активностите.
4. Едукација на населението, во смисла на изменување на постојната свест и пристап кон зачувување на животната средина.
5. Обука на персоналот ангажиран во заштитата на животната средина
6. Научни истражуваље
7. Одржување на конференции и форуми
8. Мониторинг на степенот на загадување на животната средина
9. Активности насочени кон подобрување на спроведувањето на постојното законодавство и имплементација практики во светот
10. Образовни и научни активности како и издавање на брошури, публикации и билтени за информирање на јавноста за постигантите резултати од работењето на здружението.
11. Организирање на предавања, излети, работилници, конгреси, симпозиуми и други слични собири.
12. Работи на развивање и подобрување на екологијата на просторот.
13. Ширење на свеста за животна средина, етика и еколошки поглед.

14. Учество во сите аспекти на општествениот живот на заштита и унапредување на животната средина (земја, воздух и вода).
15. Превентивно дејствување со цел да се заштити животната средина
16. Идентификација на загадувачи на животната средина
17. Подготвување на предлози и организирање акција против оние кои со своите постапки(акт или пропуст) се закануваат на животната средина или на било кој начин ја девалвираат природата и нејзините закони.
18. Соработка со науните, образовните, економските и други здруженија во земјата и во странство кои се занимаваат со животната средина и човековите права воопшто.
19. Застапување за здрава, а не генетски модифицирана храна.
20. Соработка со државните и локалните органи на сите нивоа против оние кои со своите дела или пропусти, ја нарушуваат, деградираат или се закануваат на животната средина во било која форма.

## ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕТО

### Член 10

Заради остварување на целите и задачите и спроведување на активностите, Здружението може да основа на еден или повеќе ограноци.

Огранокот се основа со одлука на Управен одбор.

## ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 11

Член на Здружението може да биде секој граѓанин-државјанин на РМ кој ќе пристапи кон Здружението, ги прифаќа целите и задачите на Здружението со писмена изјава.

Член на Здружението може да биде и странски државјанин.

Член на Здружението може да биде и правно лице со седиште во Р.Македонија

Зачленувањето во Здружението се врши по покана на Здружението.

Здружението за своите членови води регистар на членство, кој се ажурира еднаш годишно.

За членување во Здружението, задолжително се плаќа чланарина.Одлука за висината на чланарината ја носи Собранието.

Чланарината се плаќа еднаш годишно и тоа најдоцна до 28 февруари за тековната година.

### Член 12

Членот има право и обврски:

- Да бира и да биде биран во органите на Здружението
- Да учествува во работата на Здружението
- Да придонесува во развојот и популарноста на Здружението
- Редовно да плаќаат членарина
- Да присуствуваат на состаноците за кои ќе бидат навремено известени и повикани
- Да земат конкретно учество во спроведување на програмата и активностите на Здружението

Член 13

Секој член може доброволно да истапи од Здружението.Членот кој истапува е должен најдоцна 30 дена пред неговото истапување да го извести Здружението, за истапувањето.

Член 14

Исклучувањето од членството во Здружението се врши во следните случаи:

1. Ако членот работи спротивно на целите и задачите на здружението
2. Ако со правосилна пресуда е осуден на казна затвор подолго од 6(шест) месеци
3. Ако грубо ги прекрши одредбите од Статутот или другите акти на здружението или постапува спротивно на ЗЗФ
4. Ако не учествува во работата на здружението и не придонесува за негова афирмација и развој,
5. Ако заклучно со 28 февруари не ја платил членарината за тековната година
6. Ако поради иселување од РМ или подолг престој вон неа не е во можност да учествува во работата на Здружението и да ги остварува другите обврски согласно Статутот на Здружението.
7. Ако не постапува во согласност со Одлуките на органите на Здружението како и
8. Во други случаи определени со Закон

Член 15

Престанок на членството во Здружението настанува во следните случаи:

1. . Ако членот го побара тоа сам;
2. Ако е исклучен од членство поради причини наведени во член 14 од овој Статут;
3. Ако стане трајно неспособен за вршење на своите должности, и
4. Во други случаи определени со Закон

## ПОСТАПКА ЗА ИСКЛУЧУВАЊЕ ИЛИ ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВОТО ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 16

Доколку биде исполнет некој од условите утврдени во член 14 и член 15 за исклучување или престанок на членството во Здружението, член на Здружението до Управниот одбор поднесува иницијатива за исклучување или престанок на членство во Здружението.

Одлуката за исклучување или престанок на членство во Здружението ја донесува Управниот одбор.

Собранието го констатира престанокот на членството во здружението.

Член 17

Обврски на членовите во Здружението, се:

- да предлагаат донесување одлуки и рамноправно да учествуваат во одлучувањето;
- да бираат и да бидат бирани во органите на Здружението;
- редовно да ја плаќаат членарината,
- да присуствуваат на состаноците за кои ќе бидат навремено известени и повикани,
- да земат конкретно учество во спроведување на Програмата и активностите на Здружението.

## НАЧИНИ НА УПАТУВАЊЕ НА ПОКАНИ, ИЗВЕСТУВАЊА И ИНФОРМАЦИИ ДО ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 18

Поканите до членството за одржување на собранија, состаноци на членството и свикување на Управен одбор, како и други известувања и информирања се вршат по електронски пат.

## ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 19

Работата на Здружението е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на членството, други здруженија и јавноста, за работењето и активностите на Здружението, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работа на органите и телата на Здружението, за материјалното и финансиско работење и друго.

За информирањето на членовите и пошироката јавност се користи печатот, радио, телевизија, печатени медиуми, интернет и сл.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 20

Здружението, остварува средства од:

- донации,
- провизии од органи, организации, заедници и други услуги,
- буџет,
- членарина,
- од трговски друштва,
- грантови
- од други услуги.
- средства кои се доделуваат од разни домашни и меѓународни организации и органи за дејноста со која се занимава здружението.

Член 21

Користењето и располагањето со средствата на Здружението, добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски норми.

Член 22

За користењето и располагањето со средствата одлучуваат органите на Здружението, согласно надлежностите утврдени со овој Статут, кои преземаат мерки за економско целесообразно користење на средствата и за спречување на незаконитостите.

Член 23

Здружението донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 20 од Статутот, како и расходите за општествена активност, плати на вработените, заедничка потрошувачка на вработените, материјални трошоци за работа на Здружението и други расходи сврзани со работата.

Член 24

Полн назив на здружението е Здружение за екологија и заштита на животна средина "ЕКО ТИМ ИСТОК" Кочани со адреса ул. "Маршал Тито" бр.45 Кочани
Краток назив на здружението е "ЕКО ТИМ ИСТОК" Кочани.

Седиштето на Здружението е во Кочани, Р.Македонија на ул. "Маршал Тито" бр.45

Член 25

Здружението има својство на правно лице.Здружението има печат и штембил.

Печатот е во тркалезна форма во кој е испишано: Здружение за екологија и заштита на животна средина “ЕКО ТИМ ИСТОК” Кочани со адреса ул. “Маршал Тито” бр.45 Кочани

Штембилот е во правоаголна форма во која е испишано: во првиот ред името на здружението, во вториот ред бр._____ ,во третиот ред празно место за датум и 20__година и во четвртиот ред Кочани.

Член 26

Здружението за својата работа ќе ја информира јавноста преку средствата за јавно информирање,конференција,печатени медиуми,соопштенија и слично.

Член 27

Органи на Здружението се:

1. Собрание;
2. Управен Одбор;

СОБРАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 28

Собранието на Здружението го сочинуваат сите членови на Здружението.

Членовите на Здружението учествуваат во работата на Собранието и во донесувањето на одлуките кои се во надлежност на Собранието, а при одлучувањето секој член има право на еден глас.

Член 29

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Седници на Собранието свикува Претседателот на Здружението.

Седница на Собранието се свикува и по предлог на управниот одбор на Здружението или на 1/3 од вкупниот број на членови на Собранието (иницијатори).

Ако Претседателот на Собранието кој воедно е и Претседател на здружението во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Управниот одбор или иницијаторите.

Начинот на свикување и работата на седниците на Собранието на Здружението се определува со Деловникот за работа на Собранието.

Член 30

Собранието полноважно одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број на членови (кворум за работа).

Ако на собранието не се обезбеди кворум од ставот (1) на овој член, собранието не може да почне со работа. За време кое не е подолго од 15 дена од денот за кој што е закажано одржувањето на собранието кое што немало кворум за работа, се закажува нов термин за одржување на собранието (презакажано собрание) кое и се одржува во овој рок. За новиот термин за одржување на презакажаното собрание свикувањето на собранието се врши на начин како и свикувањето на собранието кое што немало кворум за работа.

На презакажаното собрание може да се одлучува само по прашањата утврдени во дневниот ред за првото свикување на собранието, без оглед на бројот на присутните членови освен за донесување на одлуките наведени во член 33 и член 36 од овој статут. На презакажаното собрание не може да се одлучува за прашања за кои според Законот се одлучува со поголемо мнозинство од кворумот од став(1) на овој член.

Член 31

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

Донесувањето одлуки поврзани со Статутот, изборот на органите на Здружението и документи од финансово работење, Собранието го врши со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Член 32

Во надлежност на Собранието е следното:

- го донесува Статутот на Здружението и врши измени и дополнување на истиот,
- ја донесува генералната политика и стратегија,
- избира и разрешува членови на Управниот одбор,именува Претседател на управен одбор и на другите органи формирани од Собранието,
- усвојува програмска ориентација за работа на Здружението за период од 4 години, операционализирано во годишни програми,
- го разгледува и усвојува извештајот за работа на Управниот одбор помеѓу две собранија,
- донесува финансиски план и усвојува завршна сметка на Здружението,
- избира и разрешува Претседател на здружението кој воедно е и претседател на собранието .
- расправа за постигнатите резултати од развојот на Здружението и дава насоки за натамошен развој на Здружението,
- го разгледува и усвојува извештајот за материјално финансиската состојба на Здружението помеѓу две собранија;
- донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на Здружението,
- врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите;
- го донесува Деловникот на работа на Собранието;
- констатира прием на нови членови и престанок на членувањето.

УПРАВЕН ОДБОР НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 33

Управниот одбор на Здружението брои 3 членови.

Член на Управниот одбор може да биде и лице кое не е член на Здружението.

член 34

Членовите на Управниот Одбор ги избира Собранието со мнозинството од бројот на присутните членови кои гласале, но не помалку од една половина од вкупниот број членови. Изборите за членови на Управниот Одбор ги распишува Претседателот на Управниот одбор, два месеца пред истекот на периодот за кој е избран постоечкиот Управен Одбор, а постапката треба да заврши 15 дена пред истекот на мандатот.

Член 35

Мандатот на член на Управен Одбор трае четири (4) години и ќе остане член се додека не се назначи нов член на Управен Одбор, односно до оставка, смрт или додека не е разрешен од своите должности.

Со одлуката за избор на членовите на Управниот одбор, еден од членовите на Управниот одбор се именува за Претседател на Управниот Одбор.

Претседателот на Управниот Одбор се бира од редовите на членовите на Здружението.

Член 36

Членовите на Управниот одбор како и Претседателот на Управниот одбор може да бидат разрешени и пред истекот на мандатот, со одлука на Собрание која се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Член на Управен Одбор може да бидат разрешени пред истекот на својот мандат на предлог на Управниот Одбор само во случај кога:

- членот не е активен и не ги реализира своите задолженија во период подолг од шест месеци,
- поради претставување на Здружението кое не е во согласност со улогата и идентитетот на Здружението,
- поради постапување во спротивност со одредбите на овај Статут.

Собранието на истата седница именува нови членови на Управниот Одбор на местото на разрешените членови.

Член 37

Членовите на Управниот Одбор можат да бидат ослободени од одговорностите, по нивно барање (оставка) пред истекот на нивниот мандат со гласање на состанок на Управниот одбор.

Во случај на оставка на член на Управниот одбор во рок од 1 месец се свикува Собрание и се избира нов.

Доколку со оставка на повеќе членови од Управниот Одбор бројот на членови падне под предвидениот минимум од 2 члена, веднаш ќе се свика вонредно Собрание за избор на нов Управен Одбор.

Во случај на оставка на Претседателот на Управниот Одбор останатите членови од своите редови избираат вршител на должноста Претседател до пополнување на испразнетото место.

Член 38

Во надлежност на Управниот Одбор е следното:

- ги спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението, како и одлуките и заклучоците на Собранието,
- донесува и реализира годишна програма за работа,
- предлага измени и дополнувања на Статутот,
- донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и склучува договори,
- предлага одржување на седници на Собранието и подготвува материјали,
- донесува одлуки за формирање на постојни и повремени комисии, и ја насочува нивната работа,
- организира и активно учествува во организирањето на разни акции и манифестации,
- донесува одлуки за награди, пофалници и признанија,
- донесува одлуки за набавка и оттуѓување на основните средства
- дава согласност на Правилникот за организација на работите и работните задачи на стручната служба на Здружението,;
- донесува одлуки за формирање и за престанок на ограноци на Здружението,
- ја претставува и промовира организацијата во пошироката јавност;
- донесува одлуки по приговори и жалби,
- презема активности за изнаоѓање на финансиски средства со цел да се исполни мисијата;
- изготвува предлог буџет и завршна сметка;
- врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Здружението и од Законот.

Член 39

Управниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието на Здружението.

Управниот одбор може полноважно да одлучува доколку се присутни најмалку2 члена од одборот.

Управниот одбор се состанува и одржува седници по потреба.

Седницата на Управниот одбор ја свикува Претседателот на Управниот одбор.

Предлог за свикување на Управниот одбор може да поднесе било кој член од Управниот Одбор, една третина од претставниците во Собранието и по предлог на Претседателот на Здружението.

Со седницата раководи и претседава Претседателот на Управниот Одбор, а во негово отсуство член кој ќе го избере Управниот одбор.

Начинот на свикување на седницата и работењето на Управниот одбор се уредува со деловник за работа.

Член 40

Мандатот на претседателот на Управниот Одбор е четири (4) години со право на реизбор.

Задачите на претседателот на Управниот Одбор се да:

- претседава со сите состаноци на Управниот Одбор;
- повикува итни и вонредни состаноци на Управниот Одбор;
- се консултира со Претседателот на здружението за програмата на состаноците на Управниот Одбор;
- ги назначува сите членови на комисии, ако поинаку не е нагласено од Управниот Одбор;
- го има правото, како и другите членови, да нуди решенија, разговара околу прашања и гласа по нив;
- комуницира со поединечните членови на Управниот Одбор околу нивните одговорности;
- учествува во процесот на ориентација на новите членови на Управниот Одбор;
- потпишува документи кои се во негова надлежност.

ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 41

Здружението го претставува и застапува Претседателот на Здружението, кој истовремено е и Претседател на Собранието.

Претседателот ги има следните надлежности:

1.Го претставува и застапува Здружението;
2.Закажува и преседава со состаноците на Собранието;
3.Се грижи за спроведување на одлуките на собранието и управниот одбор;
4.Се грижи за правно и ефикасно функционирање на органите и телата на Здружението и за остварување на целите на овој статут;

ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 42

Здружението ќе престане со работа ако:

- за тоа одлучат членовите на Здружението,
- бројот на членовите се намали под бројот определен за основање,
- настанат причини утврдени во член 52 од Законот.

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство.

Член 43

По престанок на работа на Здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на основачите на Здружението и активните членови на Здружението во моментот на престанок на работа на Здружението, и тоа според следната процентуална поделба:

- 30% од вкупниот имот и другите права и приходи се дели подеднакво помеѓу основачите на Здружението, и 70% од вкупниот имот и другите права и приходи се дели подеднакво помеѓу активните членови на Здружението во моментот на престанок на работа на Здружението.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 44

Право на толкување на одредбите на овој Статут има Собранието на Здружението, а помеѓу две собранија, Управниот одбор на Здружението.

Член 45

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за негово донесување.

Член 46

Општите акти на Здружението ги потпишува Претседателот на Управниот одбор, или за тоа овластено лице.

Член 47

Овој Статут влегува во сила на денот на донесувањето.

Кочани
08.02.2019 година

Здружение за екологија и заштита
на животна средина
"ЕКО ТИМ ИСТОК" Кочани

Претседател

Христовски Горан